Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 70 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 14 МАРТ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од седумдесеттата седница на Државната изборна комисија

Седумдесеттата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 14 март 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:10 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| Никола Рилкоски - | Претседател на Државната изборна комисија |
| М-р Субхи Јакупи- | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| Влатко Сајкоски - | Член на Државната изборна комисија |
| Сашо Срцев - | Член на Државната изборна комисија |
| Анета Стефаноска - | Член на Државната изборна комисија |
| Виолета Дума- | Член на Државната изборна комисија |
| Бедредин Ибраими - | Член на Државната изборна комисија |
| Расим Мустафа - | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Разгледување и утврдување на листи на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски објасни дека ДИК денес има единствена точка на дневен ред која е несекојдневна и од посебна важност затоа што се работи за разгледувањето и утврдувањето на листи на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија. Расправата за пристигнатите листи на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија ќе се одвива поединечно за секоја поднесена листа.

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред за 70 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и утврдување на листи на кандидати за избор на Претседател на Република Македонија.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде краток вовед за оваа точка од дневен ред и кажа дека согласно Изборниот законик и Роковникот усвоен од Државната изборна комисија, на 13 март во 24:00 часот истече рокот за поднесување на листи на кандидати за Претседател на Република Македонија. Во предвидениот рок, до ДИК се доставени листи на кандидати од четири подносители, и тоа две листи поднесени од групи избирачи, односно собрани

потписи од најмалку 10.000 граѓани, и две листи поднесени од најмалку 30 пратеници. Поднесените листи ги разгледа Комисијата за разгледување на документацијата и врз основа на целосно разгледаните доставени докази Комисијата подготви Извештај. Кон разгледување и потврдување на листите на кандидати ќе се пристапи хронолошки, по редоследот на нивното доставување до Државната изборна комисија. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отпочна со претставување на листите на кандидати за Претседател на Република Македонија.

Прво е поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ.

- Листата, на образец утврден од Државната изборна комисија, до ДИК е поднесена на 11 март 2014 година;
- По извршената проверка, работна група на Државната изборна комисија утврди дека листата ги содржи сите елементи предвидени во член 64 став (1) од Изборниот законик, како и потребната документација во прилог на листата
- Согласно Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, ДИК до Комисијата за верификација на фактите достави копија од листата, по што доби известување дека Комисијата не утврдила услов за ограничување за вршење јавна функција на кандидатот;
- Листата е поднесена во законски утврдениот рок и составена согласно одредбите на Изборниот законик.

Се отвори расправа во врска со е поднесена листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ.

За збор се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој ги прочита сите доставени документи од кандидатот за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи – Зоран Поповски. Овој кандидат нема доставено ЕДБ и трансакциона сметка и во рок од 48 часа треба да ги достави. Име на подносителот на листа е група избирачи – Зоран Поповски и ставен е амблемот- симболот кој ќе го користи, а тоа е амблем односно симбол на политичка партија. Смета дека само политичката партија може да го користи тој симбол а не и група избирачи - Зоран Поповски. Ова е спротивно на членот 81 од Уставот на Република Македонија и од Изборниот законик. И кај другите кандидати се ставени симболите на политички партии. Само симболот на предложениот кандидат од група избирачи - Иљаз Халими се разликува со симболот на политичката партија ДПА. Како може некој друг субјект, физичко лице да користи амблем на партија. Тоа е спротивно на Уставот и Изборниот законик. Предлага на сите подносители на листи на кандидат за Претседател на Република Македонија да им се даде рок од 48 часа да ги симнат овие симболи и да стават симболи кои ги исполнуваат условите утврдени во Уставот на Република Македонија и Изборниот законик;

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека ова беше расправа по поднесена листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи – Зоран Поповски но Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи ги оспорува симболите на сите кандидати за Претседател на Република Македонија;

-Бедредин Ибраими,Член на ДИК кажа дека историски гледано за Претседателските избори 2009 година на кои, од овој состав на ДИК беа тој, М-р Субхи Јакупи, Сашо Срцев и Влатко Сајкоски, се согласиле при изборот на Претседател на Република Македонија политичките партии да дадат согласност кандидатите да ги користат симболите на партиите. Тоа се спроведе и немаше никакви проблеми. Ако се повикуваме на Изборниот законик, се повикува на

писмото на ДИК доставено до Министерството за правда дека во Изборната единица број 6 имаме надминување за скоро 1% на избирачите над дозволениот законски цензус од плус 5 % и по ова не е постапено. Предлага да се гласа по сите поднесени листи на кандидат за Претседател на Република Македонија и да бидат потврдени од ДИК затоа што ги исполнуваат условите предвидени во Изборниот законик.

-Влатко Сајкоски,Член на ДИК кажа дека согласно членот 64 од Изборниот законик сите листи на кандидат за Претседател на Република Македонија ги исполнуваат соодветните услови за да бидат прифатени. Што се однесува на симболите, дали имаат припадност на политичка партија, партијата може да интервенира ако не се согласува.Тој е за прифаќање на листите и смета дека ги исполнуваат условите.

- Виолета Дума, Член на ДИК, го прочита членот 64 став (1) од Изборниот законик. Во конкретниот случај кандидатот има симбол на партијата која се согласила лицето да го користи тој симбол. Во членот 64 од Изборниот законик нема забрана да се користи симбол на партија, нема забранувачки член. Ако има злоупотреба на користење на симболот, сигурно партијата би реагирала. Симболите кои ги користат кандидатите сигурно се со одобрување на партијата. Што се однесува до тоа дали партија може да предложи кандидат, во членот 59 од Изборниот законик точно пишува кој е подносителот на листа на кандидат за Претседател на Република. Верува дека кандидатите добиле согласност од партиите за користење на амблемот.

-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ја прочитал одредбата од Уставот и Изборниот законик и никој не може да го убеди дека е поинаку од тоа што го кажал. Со верување дека партијата им дала овластување на кандидатите да користат партиски симболи, ДИК не треба да одлучува. Нема согласност, ниту верува дека кандидатите имаат согласност од партијата. Нема таков документ, освен што кандидатот на ДПА има различен симбол. Не случајно законодавецот дал услов право да поднесат листа на кандидат за Претседател на Република да имаат најмалку 10.000 избирачи или 30 пратеници, а не дека партијата може да ги предложи. Лицето се кандидира за Претседател на сите граѓани на Републиката со над 10.000 избирачи. И 30 пратеници можат да бидат пратеници од различни партии. Предлага во рок од 48 часа на кандидатите да им се даде можност ова да го поправат, односно да ги симнат симболите на партиите и да ставаат симболи кои ги исполнуваат условите утврдени во Уставот на Република Македонија и Изборниот законик.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека ДИК го има Извештајот од Секторот кој ги проверил сите услови кои ги исполнуваат кандидатите. Да се оспори симболот на листата на кандидатурата по предлог од најмалку 30 пратеници, односно 50 пратеници за Ѓорѓе Иванов кога и тие пратеници со овој симбол учествувале на избори и добиле мандат во Собранието на Република Македонија, тој е против. Некој без овластување да земе симбол на партија не верува. Симболите и листите се неспорни и да се ставаат на гласање.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека во Образецот за потписи на пратеници никаде не ја пишува партијата, само пратениците со потпис без партијата. Не пишува од која политичка партија се тие пратеници.Кој ќе биде Претседател одлучуваат граѓаните. Во членот 59 точките (1), (2) и (3) точно пишува како може да се поднесе кандидатура. Ја оспорува работата на ДИК која е спротивна на правната регулатива.

-Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека се согласува со дискусијата на Виолета Дума. Согласно членот 59 од Изборниот законик точно во ставот (1) , (2) и (3) стои како може да се поднесе листа на кандидат за Претседател на Република.

Нема забранувачки одредби за симболот. Согласно Изборниот законик сите четири кандидати ги исполнуваат условите.И пратениците се народни пратеници но во листата на кандидати за пратеници го користат симболот на партијата. Да се заврши со оваа дискусија.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека треба да се привршат дискусиите во делот на различните размислувања по однос на симболите на кандидатите. Негово мислење е како се дадени симболите во листите на кандидат за Претседател на Републиката така да бидат прифатени. Со оглед дека Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи бара во рок од 48 часа да им се даде можност на кандидатите да дадат симболи различни од партиските, прво да се гласа во врска со симболите за да се тргне дилемата а потоа ќе се расправа за секој кандидат поделно.

Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да не се прифати симболот предложен на листите на кандидат за Претседател на Република Македонија е ставен на гласање.

1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи ) се произнесе " ЗА" усвојување на Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да не се прифати симболот предложен на листите на кандидат за Претседател на Република Македонија, а 6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ПРОТИВ " усвојување на Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Се констатира дека Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи не е усвоен.

Се отвори дискусија по поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ.Нема пријавени за збор и поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија е ставена на гласање.

6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на листата на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ и 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи ) се произнесе " ПРОТИВ" .

Се констатира дека поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ЗОРАН ПОПОВСКИ е прифатена од Државната изборна комисија.

Втора е поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници - ЃОРЃЕ ИВАНОВ

- Листата, на образец утврден од Државната изборна комисија, до ДИК е поднесена на 12 март 2014 година;
- По извршената проверка, работна група на Државната изборна комисија утврди дека листата ги содржи сите елементи предвидени во член 64 став (1) од Изборниот законик, како и потребната документација во прилог на листата
- Согласно Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, ДИК до Комисијата за верификација на фактите достави копија од листата, по што доби известување дека Комисијата не утврдила услов за ограничување за вршење јавна функција на кандидатот
- Листата е поднесена во законски утврдениот рок и составена согласно одредбите на Изборниот законик.

Се отвори дискусија. Никој не побара збор и поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници - ЃОРЃЕ ИВАНОВ е ставена на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа “ ЗА “ прифаќање на листата на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници - ЃОРЃЕ ИВАНОВ и 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи ) се произнесе “ ПРОТИВ“ .**

**Се констатира дека поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници - ЃОРЃЕ ИВАНОВ е прифатена од Државната изборна комисија.**

Трета е поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ИЉАЗ ХАЛИМИ

- Листата, на образец утврден од Државната изборна комисија, до ДИК е поднесена на 12 март 2014 година;
- По извршената проверка, работна група на Државната изборна комисија утврди дека листата ги содржи сите елементи предвидени во член 64 став (1) од Изборниот законик, како и потребната документација во прилог на листата
- Согласно Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, ДИК до Комисијата за верификација на фактите достави копија од листата, по што доби известување дека Комисијата не утврдила услов за ограничување за вршење јавна функција на кандидатот
- Листата е поднесена во законски утврдениот рок и составена согласно одредбите на Изборниот законик.

Се отвори дискусија. Никој не побара збор и поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ИЉАЗ ХАЛИМИ е ставена на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа “ ЗА “ прифаќање на листата на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ИЉАЗ ХАЛИМИ и 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи ) се произнесе “ ВОЗДРЖАН “ .**

**Се констатира дека поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од група избирачи - ИЉАЗ ХАЛИМИ е прифатена од Државната изборна комисија.**

Четврта поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници – СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ

- Листата, на образец утврден од Државната изборна комисија, до ДИК е поднесена на 13 март 2014 година;
- По извршената проверка, работна група на Државната изборна комисија утврди дека листата ги содржи сите елементи предвидени во член 64 став (1) од Изборниот законик, како и потребната документација во прилог на листата
- Согласно Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, ДИК до Комисијата за верификација на фактите достави копија од листата, по што доби известување дека Комисијата не утврдила услов за ограничување за вршење јавна функција на кандидатот

- Листата е поднесена во законски утврдениот рок и составена согласно одредбите на Изборниот законик.

Се отвори дискусија. Никој не побара збор и поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници – СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ, е ставена нагласање.

6 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, Златко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на листата на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници – СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ и 1 Член на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи ) се произнесе " ПРОТИВ" .

Се констатира дека поднесената листа на кандидат за Претседател на Република Македонија предложен од најмалку 30 пратеници – СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ е прифатена од Државната изборна комисија.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесеттата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

70-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 12:58 часот.

Број 07-938/2
18.03.2014 година

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,
Биљана Стојановска

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Никола Рилкоски

Изготвил: Зорица Петровиќ